## Кратка професионална биографија

Мери Синадиновска е дипломиран психолог на Институтот за Психологија при УКИМ, со повеќегодишно професионално искуство во областа на човечките ресурси, образованието и психосоцијалната поддршка.

Работела како HR менаџер повеќе од 7 години, со фокус на развој на човечки потенцијал, интерперсонални вештини, организациска култура, стрес менаџмент и задоволство од работата.

Во последните 5 години активно е вклучена во образовниот сектор. Во моментов работи како училиштен психолог во основното училиште ООУ„Аврам Писевски“, каде активно работи на поддршка на ученици, родители и наставници преку индивидуална и групна работа, едукации и превентивни програми, фацилитатор е во програмата „Родителсттво за целоживотно здравје - РЦЗ“ со посебен интерес за работа со ученици со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција, емоционални тешкотии и инклузивно образование за сите категории на ученици.

Таа е училишен координатор на различни проекти и евалуации, меѓу кои и национални и меѓународни тестирања како ТИМСС, ПИРЛС и националните тестирања. Волонтерски учествувала во стандардизација на Тестот на Поврзување на Точки - ТПТмк, како и во хуманитарни и едукативни активности во училиштето во кое работи и преку Црвениот крст, каде е активен член.

Учествувала на бројни стручни обуки, семинари, конференции и програми за поддршка на психо-социјалниот развој на децата и младите, како и во работни групи при секцијата на психолозите „Психовизија“ каде е активен член.

## Кратка професионална биографија

Мери Синадиновска е дипломиран психолог со повеќегодишно искуство во човечки ресурси, образованието и психосоцијалната поддршка. Повеќе од седум години работела како HR менаџер, со посебен фокус на развој на човечки потенцијали, организациска култура и интерперсонални вештини.

Последните години активно делува како училиштен психолог во ООУ„Аврам Писевски“, каде што обезбедува поддршка за ученици, родители и наставници преку индивидуална и групна работа, едукации и превентивни програми. Фацилитатор е во програмата „Родителство за целоживотно здравје – РЦЗ“, со посебен интерес за инклузивно образование, емоционални тешкотии и меѓуетничка интеграција.

Како координатор на проекти во основното училиште, вклучена е и во реализација на национални и меѓународни тестирања и евалуации (ТИМСС, ПИРЛС и национални тестови). Активен член е на Црвениот крст и на стручната секција на психолозите „Психовизија“, со богато искуство во волонтерски и едукативни активности.